PHILIPS

Преносно радио

Серија **2000**

R2506




# Прирачник за корисникот

Регистрирајте го вашиот производ и добијте поддршка на:
www.philips.com/support

# Содржина


1 Важно 2
Безбедност 2
Известување 2

2 Вашето преносно радио 3
Вовед 3
Што има во кутијата 3
Преглед на преносното радио 3

3 Почнете 4
Ставете ги батериите 4
Поврзете го напојувањето 4

4 Слушајте FM/MW радио 5
Подеси на радио станици 5
Прилагодете ја јачината на звукот 5
Поврзување со слушалките 5

5 Информации за производот 6

6 Решавање на проблеми 6

# 1 Важно

## Безбедност

- Прочитајте ги овие упатства.
- Внимавајте на сите предупредувања.
- Следете ги сите упатства.
- Не блокирајте ги отворите за вентилација. Инсталирајте го во согласност со упатствата од страна на производителот.
- Не инсталирајте го во близина на било какви извори на топлина, како што се радијатори, топлински решетки, печки или други апарати (вклучувајќи и засилувачи) што произведуваат топлина.
- Заштитете го кабелот за напојување од стапнување или приклештување, особено кај приклучоците, соодветните приклучоци и местото од каде што излегуваат од преносното радио.
- Користете само приклучоци/додатоци кои биле одредени од страна на производителот.
- Извлечете го кабелот на овој апарат од напојувањето за време на невреме со молњи или ако не се користи подолг временски период.
- Проследете ги сите нешта околу сервисирањето, на квалификувани сервисни работници. Потребно е сервисирање ако апаратот бил оштетен на било кој начин, како на пример ако е оштетен кабелот за напојување или приклучокот на кабелот, ако врз него е истурена некоја течност или ако во него паднале некои објекти, потоа ако бил изложен на дожд или влага, ако не работи нормално или ако паднал.
- Употреба на батеријата ВНИМАНИЕ - За да спречите истекување на батеријата што може да резултира со телесна повреда, материјална штета или оштетување на преносното радио:
  - Инсталирајте ги правилно сите батерии, + и - треба да бидат онака како што се означени на единицата.
  - Отстранете ги батериите кога единицата не се користи подолго време.
  - Батеријата не смее да биде изложена на прекумерна топлина, како што е сончева светлина, оган или слични нешта.
- Ова преносно радио не смее да биде изложено на капење или прскање.
- Не ставајте било какви извори на опасност на преносното радио (на пр. предмети исполнети со течност, запалени свеќи).

## Известување

Било какви измени или модификации направени на овој уред што не се изречно одобрени од страна на MMD Hong Kong Holding Limited, можат да го поништат овластувањето на корисникот да управува со производот. Со ова, TP Vision Europe B.V. изјавува дека овој производ е во согласност со суштинските барања и другите релевантни одредби од Директивата 2014/53/EU. Декларацијата за сообразност можете да ја најдете на www.philips.com/support.

Овој производ е во согласност со барањата на Европската Заедница за радио пречки.

Овој производ е дизајниран и произведен со висококвалитетни материјали и компоненти, кои можат да се рециклираат и да бидат повторно искористени.

Овој симбол значи дека производот не смее да се фрли како отпад од домаќинството и треба да се достави до соодветен собирен објект за рециклирање. Следете ги локалните правила и никогаш не отстранувајте го производот и батеријата на полнење заедно со нормалниот отпад од домаќинството. Правилното отстранување на старите производи и батерии на полнење, помага во спречувањето на негативните последици по животната средина и здравјето на човекот.

Овој симбол значи дека производот содржи батерии опфатени со Европската Директива 2013/56/EU, коишто не можат да се фрлат заедно со нормалниот отпад од домаќинството. Информирајте се за локалниот систем за одделно собирање во врска со електричниот и електронскиот систем за собирање на електрични и електронски производи и батерии. Следете ги локалните правила и никогаш не отстранувајте ги производот и батериите заедно со нормалниот отпад од домаќинството. Правилното отстранување на старите производи и батерии помага во спречувањето на негативните последици по животната средина и здравјето на човекот.

# 2 Вашето преносно радио

Ви честитаме за купувањето и добредојдовте во Philips! За да имате целосна корист од поддршката што Philips ви ја нуди, регистрирајте го вашиот производ на www.philips.com/support.

## Вовед

Со ова преносно радио, можете

- слушајте FM/MW радио

## Што има во кутијата

Проверете ја и идентификувајте ја содржината на вашиот пакет:

- Главна единица
- Кабел за напојување
- Водич за брз почеток
- Безбедносен лист
- Гаранција







## Преглед на преносното радио

① **Телескопска антена**
– го подобрува FM приемот.

② **ПОДЕСУВАЊЕ**
– во FM/MW режим, убаво ја подесува станицата.

③ **Јачина на звук / вклучено исклучено**
– го вклучува комплетот.
– го прилагодува нивото на јачина на звукот.

④ **ТОН**
– бира режим на ВЕСТИ или МУЗИКА.

⑤ 🎧
– 3,5 mm приклучок за слушалки.

⑥ **Бирач на опсег**
– бира бранов опсег: FM или MW.

⑦ **Оддел за батерии**

⑧ **ВЛЕЗ ЗА НАИЗМЕНИЧНА СТРУЈА**
– 220-240V 50-60Hz.






# 3 Почнете

Секогаш следете ги упатствата прикажани во низа, во ова поглавје.

## Ставете ги батериите

**Внимание**

- Ризик од експлозија! Држете ги батериите подалеку од топлина, сончева топлина или оган. Никогаш не фрлајте ги батериите во оган.
- Батериите содржат хемиски супстанции, па затоа треба правилно да се отфрлат.
- Не мешајте ги типовите на батерии: на пр. алкална со јаглероден цинк. Користете само батерии од ист тип за комплетот.

Вметнете ги 2 x 1,5V R20/UM1/D батерии (не се испорачани) со правилниот поларитет (+/-) како што е прикажано.




## Поврзете го напојувањето

Поврзете го испорачаниот кабел за наизменична струја со:

- AC MAINS приклучокот на главната единица.
- штекерот на ѕидот.

**Внимание**

- Ризик од оштетување на производот! Осигурете се дека напонот на напојувањето одговара на напонот којшто е отпечатен на задната или долната страна на преносното радио.
- Ризик од електричен удар! Кога го влечете кабелот за напојување, секогаш влечете го приклучокот од штекерот. Никогаш не влечете го кабелот.

**Забелешка**

- Плочата за типот се наоѓа на дното од преносното радио.



# 4 Слушајте FM/MW радио

**Забелешка**

- Држете го преносното радио подалеку од други електронски уреди, за да се избегнат радио пречки.
- За подобар прием, целосно извлечете и прилагодете ја позицијата на FM антената.

## Подеси на радио станици

1 Вклучете ја контролата Јачина на звукот/Вклучено исклучено, за да го вклучите комплетот.

2 Поставете го бирачот на опсегот на **FM** или **MW**.

3 Изберете ја вашата станица користејќи ја **TUNING** контролата.

4 За да го исклучите радиото, свртете ја контролата Јачина на звукот/Вклучено исклучено на **OFF** .

## Прилагодете ја јачината на звукот

Прилагодете го звукот со контролата Јачина на звукот/вклучено исклучено.

## Поврзување со слушалките

Можете да ги поврзете слушалките со приклучокот за слушалки.
-> Звучниците тогаш ќе се исклучат.

# 5 Информации за производот

**Забелешка**

- Информациите за производот се предмет на измена без претходна најава.

## Напојување

| | |
|---|---|
| Тип на батерија | D ГОЛЕМИНА(LR20) |
| Напон на батеријата | 1,5V |
| Број на батерии | 2 |
| Влез на наизменична струја | 220-240V<br>50-60Hz |

## Тјунер/прием/пренос

| | |
|---|---|
| Тјунерски опсези | FM 88 - 108 MHz<br>MW 530 - 1600 kHz |

## Звук

| | |
|---|---|
| Звучен систем | Моно |
| Контрола на јачината на звукот | Ротациски (аналогно) |
| Излезна моќност | 300 mW RMS |

## Поврзување

| | |
|---|---|
| Аудио/видео излез | Слушалки (3,5mm) |

## Општи информации

| | |
|---|---|
| Димензии (Ш x В x Д) | 210 x 149x 67 mm |
| Тежина (главна единица) | 668,4 g |

# 6 Решавање на проблеми

**Предупредување**

- Никогаш не отстранувајте го куќиштето на производот.

За да ја задржите валидноста на гаранцијата, никогаш не се обидувајте самите да го поправате уредот.
Ако наидете на некои проблеми при користењето на овој уред, проверете ги следните точки пред да го побарате сервисирањето. Ако проблемот остане нерешен, одете на веб-страницата на Philips (www.philips.com/support). Кога ќе го контактирате Philips, осигурете се дека уредот е во близина и дека бројот на моделот и серискиот број ви се достапни.

**Нема напојување**

- Осигурете се дека приклучокот за наизменична струја на единицата е правилно поврзан.
- Осигурете се дека има напојување во штекерот за наизменична струја.
- Батериите се можеби празни или неправилно вметнати.
  -> Правилно вметнете (нови) батерии.

**Нема звук**

- Прилагодете ја јачината на звукот.
- Проверете дали слушалките се поврзани со комплетот.
  Ако е така, извлечете ги слушалките.

**Неквалитетен радио прием**

- Целосно извлечете и прилагодете ја положбата на антената.

2021 © MMD Hong Kong Holding Limited. Сите права се задржани.  Спецификациите се предмет на измена без најава.
Philips и Philips Shield Emblem се трговски марки на Koninklijke Philips N.V. и се користат под лиценца. Овој производ бил произведен и се продава под одговорност на MMD Hong Kong Holding Limited или на една од неговите филијали и MMD Hong Kong Holding Limited е гарант во однос на овој производ.

TAR2506_12_UM_V1.0